## УСВОЕН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЗП СТРУГА ЗА 2015 ГОДИНА

Собранието на ЗП Струга на последната седница од март 2015 година ја прифати Годишната сметка со Извештајот за финаниското работење на ЗП во 2015 година. Претходно Годишната сметка беше прифатена од Надзорниот одбор во состав Киро Џутески, Исмаили Идри и Владо Богданоски, и од Изврдниот одбор согласно член 30 од Статутот на здружението. Со извршениот увид Надзорниот одбор ја констатира следната состојба:

- Искажаните приходи и расходи во прегледите, како и целокупната документација се правилно распоредени и евидентирани соглесно законот за сметководство.
- Редовно и правилно се пресметувани и уплатувани обврските кон државата, како и исплатените надоместоци по други основи благовремено се измирени.
- Годишната завршна сметка изготвена е на време и согласно одредбите од Законот за сметководство, и навремено е доставувена до органите надлежни за контрола.

Од прегледите кои се во прилог на овој Извештај се констатира:

### Р е к а п и т у л а ц и ј а

1. Остварени приходи - 1.532.545.00 ден.
2. Остварени расходи - 1.516.699,00
3. Остварен бруто вишок на приходи - 15.846,00
4. Данок на неприкажани трошоци - 13.551,00
5. Остварен нето вишок на приходи - 2.295,00 ден.

Како резиме на искажаните состојби во овој Извештај, Надзорниот одбор во целост го одобрува финансиското работење на здружението за изминатата 2015 година со препорака до Собранието за усвојување на годишната сметка.

Собрание на ЗП Струга
Претседател, Милорад Трпоски